# Сликарството во сенка на „проектите“ и скандалите

**ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ**

Во текот на изминатава година немаше индивидуални појави што би биле забележливи според своите творечки вредности и достигнувања. Во најдобар случај, повеќе стануваше збор за одржување континуитет во работата отколку за креативни истражувања.

Во овој најнов период се потврди извесното стишување или повлекување на уметниците што му припаѓаат на „класичниот“ модернизам, кој ја нагласува потребата тие „да се изразуваат“, во интерес на организираниот настап на уметниците од помладите генерации, кои се наоѓаат „во тренд“.

Но, треба да се забележи дека сите тие добија доброопремени каталози, благодарение на средствата од државата, како и на тие од странските фондации, кои, меѓу другото, ги диктираат своите услови. Уметниците (главно дипломирани на скопскиот ФЛУ) во еден дел ја одбегнуваат можноста да се слика или моделира, и се ориентираа кон изработување проекти, во афирмација на потребата да се „концептуализира“ односно „интервенира“, со некои нови средства во разновидни изложбени простори или амбиенти.

Меѓутоа, да се биде присутен во своето време или да се припаѓа на современите уметнички тенденции не значи автоматски да се биде признаен за вреден автор. Покрај тоа, се прифати определувањето „критичка уметност“ за обработка на теми од социјално-политичкиот амбиент (бегалци, војна и слично). Тоа во голема мера го потврди мислењето дека уметничкото не е поврзано со дневниот, прагматичен ангажман, кој се исцрпува во времето.

Ново значење доби поимот „задача“, или институцијата „нарачка“, како и појавата на уметник-бизнисмен, со што се изменија местата на релација држава-уметник-приватен спонзор. Фрустрираниот човек и уметник кај нас се сообразува со новите услови, се напрега и влегува во вртежен простор на исполнување на своите дела со нова смисла или со говор за тегобноста и само ретко со вдахновеност во интерпретирање на стварноста.

Во текот на годината се случија два скандала кои не се ниту налик на скандалите предизвикани од историската уметничка авангарда во светот. Имено, размената на уметнички дела, што ја изврши Уметничката галерија во Скопје со други заинтересирани лица од соседните земји доби белези на скандалозен потфат. Реагирањата на јавноста беа главно негативни и мотивирани пред се од начинот на водењето на оваа размена, но во еден дел и поради (не)вредноста на добиените дела од македонските автори. Сепак, треба да се каже дека на тој начин се отвори прашањето за разгледување на можностите и во иднина да се прават размени на уметнички дела, доколку се утврдат критериумите и начинот на нејзиното реализирање.

Вториот скандал се случи неодамна по повод изложбата „12 апостоли на ВМРО“, организирана во Музејот на град Скопје. Јавноста беше иритирана од поврзувањето на сликарската (инаку класична) уметност и националната историја исполнета со определени противредности и трагизам на случувањата. Насловот на изложбата, мотивирана од личните авторски побуди се поврзуваше со актуелниот политички амбиент во Република Македонија. Всушност, жестоките реакции се однесуваа главно на лична нетрпеливост кон авторот, кој се осмелил во спомнатиот визуелен ликовен иконостас да внесе личности за кои досега се говорело како за злосторници на македонскиот народ. Уметникот сепак создаде можности, со шокирање на јавноста, да се размислува отворено, а не со предрасуди и во категорија на црно-бели односи, за сопствената историја и за нејзините видни претставници.



Сликата на Пикасо конечно извадена од депото и изложен во МСУ

Сликарските портрети-сенки (изработени според стари фотографии) се поставија во нагласен историско-политички контекст, при што се изгубија од пред очи евидентните факти дека пред нас имаме сериозен автор, кој сака да размислува и кој оствари потврдени сликарски вредности. Се случија етикетирања и навредливи реакции од кои беше создадено цело едно „досие“ на релација уметност-политика.

Во годинава што одминува се случи учеството на државата на Венецијското биенале, се разбира според наши критериуми и можности. Беше испратен добар автор, но со поранешно дело кое рекомпонирано се сообразило со условите на определен изложбен простор кој можел да се добие.

Инаку, се потврди нашето традиционално неснаоѓање со скулптурата во простор (Парк на скулптура и слично), која во нашата средина мора да се гетоизира (или да се затвори со ограда) за да може воопшто да се изложи и сочува од „интервенции“ врз неа.

Нам ни се случија оштетувања и отстранувања на јавни споменици од различни политички, верски или други причини. Притоа, цврсто опстојува навиката (и во јавните гласила, меѓу другото) да не се споменува името на авторот на споменикот пред кого се извршува некоја важна државна свеченост.

Во текот на годината продолжи извесната динамика во ликовниот живот, но посебно треба да се издвои обидот на Музејот на современата уметност да претстави, макар и привремено, дел од колекцијата на светски автори во нов, преуреден амбиент за таа цел. Случувањето беше збогатено со излегувањето од печат на книгата посветена на создавањето на Музејот на современата уметност во Скопје.